# И З В Е Ш Т А Ј

## од Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија на Советот на Општина Куманово

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија на Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 3 ноември 2022 година, одлучи:

**I. Ноемвриска награда на Општината Куманово за 2022 година, во вид на Диплома и паричен износ, им се доделува на следниве поединци:**

1. **Витомир Митевски,** член на Македонската академија на науките и уметностите и раководител на Лексикографскиот центар при МАНУ, за неговата повеќедецениска творечка активност преку издавањето на многубројни научни трудови од областа на античката култура и филозофија, меѓу кои најзначајно место зазема капиталната едиција во 10 книги со заеднички наслов „Античката филозофија и нејзиното влијание".

2. **Синиша Кашавелски,** дипл. ликовен уметник, член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија и на Друштвото на француските уметници, за неговите постигнувања во областа на ликовната уметност, за што сведочат и добиените награди и признанија на многубројните изложби во државата и во странство.

3. **Зоран Ѓорѓиевски**, лекар спец. по општа хирургија, вработен на хируршкото одделение при ЈЗУ Општа болница – Куманово, за неговиот придонес и особен ангажман во хирургијата, при што во својата долгогодишна работна кариера има направено преку пет илјади успешни операции.

4. **Садри Акифи,** просветен работник, во пензија, за особените залагања и постигнатите резултати во воспитно – образовната дејност, за што сведочат и добиените признанија и пофалници од државни институции и невладини и меѓународни организации, а од страна на Сојузот на албанските наставници е избран за еден од најдобрите наставници во Кумановско-липковскиот крај.

5. **Сашо Илиевски**, дипл. правник и професор по физичка култура, вработен во Територијална противпожарна единица Куманово, за афирмацијата на градот и државата при учеството на државни, европски и светски првенства во спортот кик бокс, на коишто тој и кик боксерите чиј што тренер е имаат освоено највисоки медали.

**II. Ноемвриска награда на Општината Куманово за 2022 година, во вид на Диплома, се доделува на следните правни лица:**

1. **ДПТУ „Кентаур - Импекс" ДООЕЛ Скопје, Подружница „Искра" - Куманово,** еден од најреномираните стопански субјекти во градот и државата, за успешното работење во производствената дејност – изработка и монтажа на челични конструкции и опрема, при што старите и дотраени машини во фабриката речиси во целост се заменети со нови софистицирани производни линии, а повеќе од 80% од производството е наменето за странскиот пазар, пред се заради исполнувањето на меѓународните стандарди за производство и високиот квалитет на производите, за што фирмата ги поседува сите неопходни сертификати.

2. **Трговско друштво за вработување на лица со попреченост „Алфи Би Компани" ДООЕЛ Куманово,** еден од најреномираните трговски субјекти во градот и државата, за 30 годишното успешно работење во областа на трговијата со бела техника, алати, ламинати, санитарија, гарден и друго за потребите на домаќинствата, при што вкупниот асортиман изнесува повеќе од 50.000 различни продукти кои ги продава во своите два продажни салони – техноцентри во Куманово и Скопје.

Бр. 18 – 8844/3
3 ноември 2022 година
Куманово

Комисија за одбележување
на празници и манифестации
и доделување на награди и признанија
Претседател,
Невена Величковска